CC BY NC ND

# ОДГОВОРНОСТ НА НОТАРИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Автор: М-р Трајче Тодоровски**

**Јуни, 2013-та година**

## *ВОВЕД*

Нотаријатот во РМ, веќе неколку години создава простор за бројни и хетерогени теоретски практични анализи и елаборации. Неговата експанзија во нашите, бившите Југословенски и светски рамки ја наметна потребата од детална научна и стручна анализа на бројни прашања врзани за нотаријатот. На значењето на нотарите во РМ укажува и проширувањето на делокругот на работата на нотарите.

Врз основа на тоа, неминовен (но и оскуден) дел од поширокста анализа на сите аспекти на институцијата "Нотар" во Република Македонија, како целина е и одговорноста на нотарите за евентуалното нанесување на штета на странките или трети лица во неизбежните меѓусебни секојдневни односи.

## 1. ПОИМ, УЛОГА И ЗНАЧЕЊЕ НА НОТАРИЈАТОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Зборот "Notarius" во своето изворно, латинско значење е различен од поимот со кој се дефинира нотаријатот во современите правни системи и современата правна терминологија. "Notarius" фигурира во римската правна терминологија[1] од првиот век во новата ера. Тогаш, исто како и во пост-класичниот период, означувала "стенограф". Зачетокот на зборот нотар е зборот "нота", кој значи забелешка, запис, напомена. Во тој период, нотари биле робови или ослободени робови, а многу ретка била појавата, нотарската функција да ја извршуваат слободни луѓе. Нивната примарна функција[2] била брзо запишување на политичките говори. Во тој период, не било потребно било какво правничко знаење и образование, и не биле воопшто контролирани од државата, ниту пак од било каква друга инстанца.

[1] **Извор**: http://notarywise.com/notary-history.htm
[2] **Извор**: http://legal-dictionary.thefreedictionary.com/notary+public

Етаблирањето на нотаријатот во Република Македонија, во 1998-та година, значеше следење на Европските и светските трендови во поглед на промоција, зацврстување и унапредување на правниот поредок во, се уште кревката, самостојна Република Македонија. Тоа значеше многу промени, како на економски, така и на план на структурата на законодавството и институциите кои се задолжени да ги обезбедат почитувањето и примената на законските норми. Клучната реализација во овој сегмент беше токму воведувањето на нотаријатот, како самостојна правна служба.

Имено, првичната цел со воспоставувањето на институцијата “Нотар” беше намалувањето на обемот на работи кои, во принцип спаѓаа во делокругот на работа на судот. Имено, ослободувањето на судот од квантитет на задачи, кои во суштина не се спорни и спаѓаат во доменот на вонпроцесната постапка, значеше голем чекор напред, како во зголемувањето на капацитетот на работа на судските инстанции, така и на квалитетот на одлуките кои истите ќе ги донесат, при извршувањето на обврските од нивниот делокруг.

Во поглед на целите и резултатите постигнати со воспоставувањето на нотаријатот, со сигурност може само да се констатира дека се повеќе од позитивни. Накратко, унапредено е целокупното функционирање на правниот систем во Република Македонија, значително е олеснет правниот промет во државата и сигурноста во правниот промет е поставена на едно ново, високо ниво. Имено, при составувањето на нотарските исправи, должност на нотарот е да ги предупреди странките за правата, обврските и последиците кои произлегуваат од правната работа која што сакаат да ја преземат. Нотарот е должен, при вршењето на обврските од неговиот делокруг, на апсолутно коректно толкување и примена на правните норми – дел од правниот поредок на Република Македонија. Во спротивно, за секоја грешка и нанесена штета на странката или трето лице[3], нотарот одговара лично и со целиот свој имот.

Според Законот, нотарите се повереници на странките и судот[4], во одредени случаи, што значи нивната улога во процесот на работата со странки е, пред сѐ советодавна и тие се должни да го почитуваат начелото на непристрасност при извршувањето на работните обврски.

---

[3] **Закон за нотаријатот**, Службен весник на Република Македонија, бр.55/2007 од 04.05.2007 година, **Измени и дополнувања на Законот за нотаријатот**, Службен весник на Република Македонија бр. 139/2009, бр. 135/2011, член 35. Во понатамошниот текст: **ЗН**

[4] **ЗН**, член 136, член 137

Нотарската служба во Република Македонија е инкомпатибилна со вршењето на друга дејност (ЗН, член 32). Тоа значи, дека нотарот, по неговото инаугурирање, не смее да врши друга професионална дејност или јавна функција. Од особено значење е да се напомене дека нотарот во никој случај не може и не смее да се поистовети со адвокат (ЗН, член 32, став 3), иако постои реална можност нотарот да застапува одредена странка пред судот и другите државни органи.

## 2. ИМЕНУВАЊЕ, ПРЕСТАНУВАЊЕ НА СЛУЖБАТА НА НОТАРОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НЕГОВО РАЗРЕШУВАЊЕ

Во Законот за нотаријатот[5], се уредени условите и постапката за именување на нотарот, причините и условите за престанување на службата на нотарот и причините и постапката за разрешување на нотарот, во Република Македонија. Имено, накратко ќе ги елаборирам овие сегменти од нотарската служба, од причина што се чинеше функционално и целисходно, vis a vis накратко покривање на целокупниот поим на нотарот во Република Македонија, со акцент на неговата материјална одговорност за причинета штета.

За нотар може да биде именувано лице кое е државјанин на Република Македонија, има деловна способност и ги исполнува општите услови определени со закон за засновање на работен однос во државен орган, е дипломиран правник, положило нотарски испит, има работно искуство на правни работи најмалку пет години и ужива углед за вршење на нотарските работи (ЗН, член 9).

Службата на нотарот престанува со смрт, со исполнување на условите за старосна пензија - согласно со закон, по негово барање, ако е осуден со правосилна судска одлука за кривично дело од користољубие, за кое се гони по службена должност, или ако е осуден на безусловна казна затвор над шест месеци, или ако му е изречена мерка забрана за вршење на службата, ако без оправдани причини не започне со работа во рок од три месеци од денот на објавувањето на неговото именување во “Службен весник на Република Македонија” и со разрешување (ЗН, член 14).

Нотарот ќе биде разрешен, ако престанат да постојат условите за именување од членот 9 на овој закон, доколку не даде свечена изјава, доколку се вработи, доколку со правосилна судска пресуда му биде одземена или ограничена деловната способност,

---

[5] **ЗН**, член 9, член 10, член 11, член 14 и член 16

доколку трајно ја загуби способноста за вршење на службата и не го продолжува уредно своето осигурување од одговорност за штета или не плаќа надоместок за осигурување на Комората (ЗН, член 16).

## 3. ПОИМ И ВИДОВИ ОДГОВОРНОСТ НА НОТАРИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Од воспоставувањето на нотаријатот во Република Македонија, во 1998-та година, па до денес, овластувањата и службените обврски на нотарите, константно се зголемуваат. Тоа зголемување резултира со поголема концентрација на моќ во рацете на нотарите, па логично е и да се зголемува нивната одговорност за извршување на работите од нивниот делокруг на работа.

Со статусот на самостојна, независна јавна служба во која се вршат работи од видот на јавни овластувања врз основа на закон по барање на граѓаните, државните органи, правните лица и други заинтересирани институции[6], нотарите, за својата работа, гарантираат и одговараат со целиот свој имот.

Одговорноста на нотарите во Република Македонија, е детерминирана низ неколку различни концепти. Имено, за штетата што при извршувањето на својата работа ќе ја нанесат на странките или трети лица, нотарите одговараат материјално[7], елемент од одговорноста на нотарот, која е централна целина при изработката на овој труд. Непочитувањето на законските норми, несовесното и нестручно работење – со напомена, од полесен карактер, резултираат со дисциплинска одговорност на нотарот. Истакнувам, од полесен карактер, затоа што посериозните повреди на Уставот, законите и правниот поредок во Република Македонија[8][9][10], во целост, можат да продуцираат одговорност на нотарот на многу повисоко ниво. Таков пример е кривичната одговорност, како нареден сегмент од одговорноста на нотарот. Нотарот

---

[6] **ЗН**, член 2

[7] **ЗН**, член 35, став 1. "Нотарот е одговорен за штета која во службата или во врска со службата, намерно или од крајна небрежност, ја предизвикал на странка или трето лице"

[8] **ЗН**, член 3. "Нотарот нотарските работи ги врши слободно, независно, самостојно, стручно и непристрасно врз основа на Уставот, закон, ратификувани меѓународни договори и други прописи и општи акти засновани врз закон."

[9] **ЗН**, член 11, став 2, каде нотарот, при давањето на свечената изјава, изречно истакнува дека: "Изјавувам дека нотарската служба ќе ја вршам совесно, чесно и непристрасно, во согласност со Уставот и законите на Република Македонија, ратификуваните меѓународни договори и дека ќе ги заштитувам интересите на странките."

[10] **ЗН**, член 26, став 1 "Нотарот е должен нотарските службени дејствија да ги врши совесно, чесно и непристрасно, во согласност со Уставот и законите на Република Македонија, ратификуваните меѓународни договори и да ги заштитува интересите на странките" и став 2 " Нотарот е должен да одбие службено дејствие кое е спротивно на Уставот и законот, ратификуваните меѓународни договори, јавниот ред и мир и кодексот на професионалната етика и морал."

CC BY NC ND

одговара кривично, доколку заради остварување на одредена корист (имотна и неимотна), за себе или за друг, ја злоупотреби својата службена позиција и овластувања. Материјалната, дисциплинската и кривичната одговорност, кои меѓусебно не се исклучуваат и се комплементарни, можеме да ги квалификуваме како елементи на т.н. "Професионална одговорност".

Постои уште и одговорност на нотарот како раководител, за штета која ќе ја нанесе вработен во неговата канцеларија[11] и одговорност на нотарот како даночен обврзник кон државата, за приходите остварени од обезбедувањето на нотарските услуги.

## 4. МАТЕРИЈАЛНА ОДГОВОРНОСТ НА НОТАРОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Материјалната одговорност на нотарот претставува одговорност на нотарот за негово или дејствие на негов помошник, заменик, стручен соработник или приправник, кое е поврзано со вршењето на службата и истото, намерно или од крајна небрежност[12], резултира со предизвикана штета[13] на странката или на трето лице (ЗН, член 35, став 1 и став 5).

Нотаријатот е значаен дел од Македонското законодавство и главна алка на правниот промет во Република Македонија. Поради оскудноста на материјали од оваа проблематика, потребно е темелно и детално истражување и елаборирање на суштината на предметот на оваа магистерска теза. Имено, тоа значи подетално објаснување на правата и обврските на нотарот и одговорноста која произлегува од истите.

## 5. ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ НА НОТАРОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

---

[11] Овој сегмент од одговорноста на нотарот, односно **правото на регрес на нотарот**, подетално е разработен во понатамошниот дел од трудот.

[12] **Извор**: http://steta.blog.com/2011/06/16/48/

[13] **Закон за облигационите односи**, Службен весник на Република Македонија бр. 18 од 05.03.2001 година, **Измени и дополнувања на Законот за облигационите односи**, Службен весник на Република Македонија бр. 5/03, бр. 84/08, бр. 81/2009, бр. 161/2009, во членот 142, го дефинира институтот "**Штета**" како намалувањето на нечиј имот (обична штета) и спречувањето на негово зголемување (испуштена корист), како и нанесувањето на друга физичка или душевна болка или страв (нематеријална штета). Во понатамошниот текст: **ЗОО**

BY NC ND

Во однос на дисциплинската одговорност на нотарот, во кратки црти, битно е да се напоменат неколку клучни елементи. Имено, во Законот за нотаријатот[14], изречно е дефинирано дека нотарот е лично одговорен за нотарската служба. Нотарот, одговара дисциплински, за прекршоци сторени со повреда на законот, Кодексот на професионалната етика на нотарите и непочитување на одредбите од актите на Нотарската Комора. Доколку при вршењето на работите од неговиот делокруг, нотарот стори кривично дело, не е исклучена и дисциплинската одговорност, а со тоа и евентуалното изрекување на дисциплинска мерка.

Дисциплинската постапка се поведува по предлог на Министерот, а ја води Дисциплинскиот совет при Нотарската Комора.

Дисциплински мерки, кои можат да му бидат изречени на нотарот за сторен дисциплински прекршок, се: писмена опомена, јавна опомена, парична казна, привремено одземање на правото на вршење нотарска служба и трајно одземање на правото на вршење на нотарска служба.

Поведувањето на дисциплинска постапка застарува во рок од две години од денот на сторување, или во рок од една година од дознавање за повредата при вршење на надзор. Ако дисциплинската повреда повлекува и кривична одговорност, дисциплинската постапка за утврдување на одговорноста на нотарот застарува во рок од две години од денот на дознавањето за повредата.

## 6. КРИВИЧНА ОДГОВОРНОСТ НА НОТАРОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Иако не се работи за државна функција, одговорноста во нотаријатот, како самостојна и јавна служба, во нашиот законодавен систем е изедначена со одговорноста во вршењето на службената должност на државните органи.

Само накратко ќе ги спомнам службените дејствија на нотарите кои, од различни причини, повлекуваат кривична одговорност. Имено, кривичните дела поврзани со нотарските исправи, опфаќаат значителен дел од кривичната одговорност на нотарот, доколку постои, сè разбира. Најдобар пример за тоа е фалсификувањето на исправа (КЗ, член 379).

[14] **ЗН**, член 116 – 132.

CC BY NC ND

На нотарот, за работата и за трошоците кои ги направил при вршењето на службените дејствија од неговиот делокруг, му следува награда[15]. Остварувањето на незаслужена награда, поголема или помала од пропишаната со Правилникот, или од било каков друг вид, претставува корупција, што повлекува кривична одговорност на нотарот.

Недоволниот, премногу широк и дифузен начин да определба и дефинирање на службените дејствија од делокругот на работа на нотарот, исто така можат да резултираат со неправилности во работењето. Аналогно на тоа, погрешното толкување на нормите во нашето законодавство од страна на нотарите, исто така, постои можност да резултира со кривична одговорност на нотарот.

Кривичниот законик на Република Македонија[16], изречно го определува нотарот како лице кое врши функции, должности и работи од јавен, односно општ интерес. Врз основа на тоа, постои можност нотарот кривично да одговара за неовластено откривање на тајна, на начин што неовластено ќе открие тајната што ја дознал од странката, при вршењето на службените дејствија. Кривично дело од ваков карактер е казниво, манифестирано низ санкцијата – парична казна или казна затвор во траење од една година (КЗ, член 150, став 1).

Исто така, нотарот кривично ќе одговара, доколку при вршењето на работите од неговиот делокруг, ќе го овозможи или нема да го пријави перењето пари, имот или имотна корист, за кое дознало во вршењето на својата функција или должност. Во контекст на одредбата, веднаш е одредена и санкцијата - нотарот ќе се казни со казна затвор во траење од најмалку три години (КЗ, 273, став 6).

## 7. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОВРЕДАТА НА СЛУЖБЕНАТА ДОЛЖНОСТ КАКО АСПЕКТ НА ОДГОВОРНОСТА НА НОТАРОТ

[15] **Правилник за нотарската тарифа**, Службен весник на Република Македонија, број 76 од 18.06.2007-ма година, член 1.

[16] **Кривичен законик,** Службен весник на Република Македонија, бр. 37/1996, од 29.07.1996-та година, **Измени и дополнувања на Кривичниот законик,** Службен весник на Република Македонија бр. 04/02, бр. 43/2003, бр. 19/04, бр. 81/05, бр. 60/2006, бр. 73/2006, бр. 7/2008, бр. 139/2008, бр. 114/09, бр. 51/2011, бр. 135/2011, бр. 185/2011, бр. 142/2012, бр. 166/2012, член 122, став 9. "Како лице кое врши работи од јавен интерес се смета лицето кое врши функции, должности или работи од јавен, односно општ интерес, како што се наставник, воспитувач, лекар, социјален работник, новинар, **нотар**, адвокат или друго лице, кое тие работи ги врши самостојно или во правно лице кое врши дејност одјавен, односно општ интерес определен со закон." Во понатамошниот текст: **КЗ**

Нотаријатот, како склоп од службени должности и обврски на нотарот, во Законот за нотаријатот[17], е дефиниран како самостојна, независна јавна служба во која се вршат работи од видот на јавни овластувања врз основа на закон по барање на граѓаните, државните органи, правните лица и други заинтересирани институции.

Имено, нотарот нотарските работи ги врши слободно, независно, самостојно, стручно и непристрасно врз основа на Уставот, закон, ратификувани меѓународни договори и други прописи и општи акти засновани врз закон[18].

Нотаријатот во Република Македонија е етаблиран врз основа на:

- начелото на гарантирање на вршење на работите врз основа на закон;
- начелото на одговорност за причинетата штета во вршењето на нотарските работи – што воедно е и основа за изработка на овој труд;
- начелото на диспозиција и неоспорност на правниот однос, каде нотарот е должен да постапува по правни работи каде што, по принцип, нема спорни прашања;
- начелото на надзор над законитоста во вршењето на нотарските работи, при што нотарот подлежи на контрола и надзор од страна на Министерот и Нотарската Комора на Република Македонија, во однос на вршењето на работите од неговиот делокруг;
- начелото на праведен надоместок за извршената работа.

Есенцијално е да се напомене дека, нотарот има свое службено седиште и подрачје на кое ја врши својата служба и работите од неговиот делокруг (ЗН, член 6, став 1). Имено, нотарот не може да презема службени дејства надвор од неговото службено подрачје, за кое е назначен.

Една од клучните службени должности на нотарот е задолжителното осигурување од одговорност за нанесена штета. Сметам дека истата е потребно да се спомене и во контекст на службените должности на нотарот, од причина – добивање на целосна илустрација за комплексот службени должности на нотарот.

Чувањето на списите[19], е исто така дел од службените должности на нотарот. Доколку, од одредени причини, службата на нотарот престане, списите на чување ќе ги

---

[17] **ЗН**, член 2
[18] **ЗН**, член 3
[19] **ЗН**, член 18. “(1) Ако на нотарот му престане службата или ако го премести своето седиште на подрачјето на друг надлежен суд, неговите списи и книги, како и документите кои службено му се предадени и печатите и штембилите што се прогласени за неважечки, ќе ги преземе на чување надлежниот суд.

CC BY NC ND

преземе надлежниот суд. Министерот, исто така, има овластување да овласти нотар да ги преземе овие списи, со негова согласност.

Нотарот во Република Македонија, врз основа на Законот за нотаријатот[20], е должен, обврските од неговиот делокруг, да ги извршува совесно, чесно и непристрасно, во согласност со Уставот и законите на Република Македонија, ратификуваните меѓународни договори. Во истиот член, се исто така елаборирани и доволно јасни обврските на нотарот да одбие службено дејствие што е во спротивност на овие начела.

Нотарот е должен да го одбие преземањето на службеното дејствие, а случајот да го пријави на надлежните органи, доколку осознае дека се работи за случај на корупција (ЗН, член 27).

Накратко, во продолжение, сметам дека е од суштинско значење, само да ги набројам видовите службени дејствија, кои нотарот ги презема при вршењето на службената должност. Според Законот за нотаријатот, тоа се следните:

- составување на нотарски акт (ЗН, член 42);
- потврдување на приватна исправа, односно солемнизација (ЗН, член 45);
- утврдување на идентитетот и субјективитетот на странките, по чие барање е поведена постапката пред нотарот, односно нотарската работа (ЗН, член 47);
- издавање на потврди (ЗН, член 59);
- заверка на преписи (ЗН, член 60), преводи (ЗН, член 62), потписи, односно легализација (ЗН, член 63);

---

(2) Во случајот од ставот (1) на овој член преписите и изводите од списите на нотарот ќе ги издава надлежниот суд или нотар како доверена работа од страна на судот.
(3) Министерот чувањето на списите, книгите и документите и издавањето на преписите и изводите од списите во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член може да го довери и на нотар, со негова согласност .
(4) Пред преземањето на списите, книгите и документите од ставот (1) на овој член ќе се изврши нивна селекција од страна на Комисија, која ја формира министерот за правда. Комисијата ќе биде составена од претставник на Министерството за правда, Нотарската Комора, надлежниот суд и Државниот архив на Република Македонија.
(5) Ако по престанокот на нотарската служба или преместувањето на неговото седиште, нотарот повторно биде поставен за нотар на подрачјето на кое порано имал свое седиште, списите, книгите, печатите и штембилите кои биле преземени на чување, ќе му бидат вратени. За враќањето одлучува министерот со решение.
(6) Во однос на предавањето и чувањето на нотарските списи и книги на архивот, на соодветен начин се применуваат прописите за архивска граѓа и архивско работење."

[20] **ЗН**, член 26.

CC BY NC ND

- потврдување на заклучоци на собранија и седници на други органи (ЗН, член 73);
- издавање извод, потврда, препис и извадок (ЗН, член 77);
- преземање на исправи, пари и хартии од вредност заради чување и предавање (ЗН, член 86 - 89);
- водење на деловни книги (ЗН, член 91).

Нотарот може да се јави и во улога на повереник на судот, особено при водење на оставинската постапка, со напомена – во случаи каде што нема никаков спор помеѓу учесниците. Во спротивно, судот е надлежен за решавање на спорот, настанат помеѓу странките. Истите обврски, што му се доверени на нотарот од страна на судот, можат, од оправдани причини, да му бидат и одземени. Значајно е да се напомене дека нотарот одговара за штетата која како повереник на кој било орган им ја направил на странките[21], од причина што одговорноста на нотарот е суштината на овој труд.

## 8. ОБЛИЦИ НА МАНИФЕСТАЦИЈА НА ЗЛОУПОТРЕБАТАТА НА СЛУЖБЕНАТА ДОЛЖНОСТ, КАКО ЕДЕН ОД АСПЕКТИТЕ НА МАТЕРИЈАЛНАТА ОДГОВОРНОСТ НА НОТАРОТ

Злоупотреба на службената должност, односно злоупотреба на службена позиција и овластувања, е неминовен и суштински сегмент од целината наречена "Одговорност на нотарите". Иако, првенствено, злоупотребата на службената должност спаѓа во доменот на казненото право и казнената одговорност на нотарот, одредени случувања во Република Македонија (случајот "Бачило"[22]), преку примена на методот на анализа на документи, дојдов до сознание дека надоместокот на штетата направена од нотарот, која во наведениот случај достигна екстравагантна (за наши услови), милионска цифра, ми дава за право подетално да го разработам и елаборирам овој сегмент од одговорноста на нотарот. Акцентот го ставам на оваа пресуда, затоа што е своевиден преседан од оваа проблематика во Република Македонија, со која најтешко е казнет токму нотарот[23], парично, со затворска казна и забрана за вршење на дејност (59.000.000 денари, 14 години затвор и десет години забрана за вршење на дејност).

---

[21] **ЗН**, член 133, член 134.
[22] **Извор**: http://www.usppft.gov.mk/?q=node/75
[23] **Извор**: http://www.time.mk/cluster/460308b749/naplateni-milion-evra-od-osudenite-za-bacilo.html

CC BY NC ND

При определувањето на поимот злоупотреба на службена должност, инкриминирана е всушност злоупотребата што се врши со посебна намера за прибавување некаква корист или нанесување некаква штета (КЗ, член 353, став 1). Нотарот е должен нотарските службени дејствија да ги врши совесно, чесно и непристрасно, во согласност со Уставот и законите на Република Македонија, ратификуваните меѓународни договори и да ги заштитува интересите на странките. Во продолжение, законодавецот истакнува дека нотарот е должен да одбие службено дејствие кое е спротивно на Уставот и Законот, ратификуваните меѓународни договори, јавниот ред и мир и Кодексот на професионалната етика и морал. Пропишана е забрана за посредување од страна на нотар при склучување правни работи или, во врска со нив, давање гаранција или друго обезбедување на странката.

Кривичното дело “Злоупотреба на службена должност” може да се изврши на три начини:

- преку искористување на службената положба и овластувања (Активна реализација);
- преку пречекорување (надминување) на службената положба и овластувања (Ултра - активна реализација), и
- преку неизвршување на службената должност и овластувања (Пасивна реализација).

Во првиот случај, се работи за постапување на службено лице (нотарот) кое е незаконито и неправилно во материјална смисла, кое како извршено дејствие останало во рамките на делокругот на работа на нотарот, неговите јавни овластувања и границите на неговата надлежност (Активна реализација). Нотарот ја искористил околноста што е овластен да постапува во дадена ситуација за остварување на одредени свои цели, што значат корист (имотна или неимотна) за него и нанесување на штета (имотна или неимотна) на странката или трето лице. Во една ваква хипотетичка ситуација, нотарот е овластен да одлучува врз основа на сопствената оценка и е овластен да ја цени целисходноста на конкретната ситуација. Тоа резултира со изготвување на акт од страна на службеното лице – нотар[24]. Клучни сегменти од оваа разработка се постапувањето на нотарот во рамките на неговиот делокруг на работа, остварувањето на некаква корист за него, лично и нанесување на штета на странката или трети лица.

[24] Тумановски, Д., “**Правна природа на кривичното дело “Злоупотреба на службената положба”**” во **Нотариус**, број 9, страница 18

CC BY NC ND

Вториот случај, се однесува на пречекорување на границата на службените овластувања од страна на нотарот (Ултра - активна реализација). Имено, нотарот при одлучувањето и вршењето на своите работни обврски, не само што ги злоупотребува своите овластувања, туку и навлегува во дискреционото право на одлучување на орган со поголеми овластувања, од него самиот. Исто така, сметам дека постои пречекорување на овластувањата, кога има обратна ситуација – повисок орган (нотар), извршува службени дејствија на орган со помали овластувања од него самиот. Во теоријата и судската практика, постои неусогласеност и конфликт на примената на законските норми и одлуките кои се однесуваат на ова прашање. Го застапувам овој став од едноставна причина – колку повеќе овластувања и моќ е сконцентрирана во рацете на еден субјект (нотарот), поголема е можноста за злоупотреба на истата. Имено, од одредени лични мотиви, заради прибавување на корист за себе или за друг, а со тоа и причинување на штета на странките или трети лица, повисокиот орган решава за работи од делокругот на работење на понизок орган. Поентата е – кој потоа би одговарал за тоа? Повисокиот орган, заради пречекорување на неговите овластувања, или пониският орган – заради неизвршување на работите кои, par excellence, се работи од неговиот делокруг? Од овој аспект, основано е да се евалуира принципот на законитост – дека секој орган решава во рамките на своите обврски и овластувања за прашањата од негова надлежност. Хиерархиското разграничување, оправдано е да постои при процесот на делегација (пренесување на надлежност од повисокиот и пониският орган) и при процесот на супституција, или авокација (преземање на работни обврски, кои се во надлежност на пониският орган, од страна на повисокиот орган)[25].

Третиот облик на злоупотреба на службената должност е неизвршување на службената должност (Пасивна реализација). Нотарот, при ваквиот вид на злоупотреба на службена должност, не ги извршува во целост (неизвршување во формална и материјална смисла), или ги извршува на тој начин што не може да се постигне целта заради која се презема службеното дејствие (формално дејствието е преземено, но суштината не е постигната, со цел заобиколување на законот, а со тоа и остварување на корист и нанесување на штета на странката или трето лице)[26].

---

[25] **Извор**: www.pf.ukim.edu.mk/EN/Uploads/11%20Postapka.ppt

[26] Тумановски, Д., "**Правна природа на кривичното дело "Злоупотреба на службената положба"**" во **Нотариус**, број 9, страница 18

# Attribution-NonCommercial-NoDerivs 3.0 Unported

## You are free:

- to Share - to copy, distribute and transmit the work

## Under the following conditions:

- Attribution. You must attribute the work in the manner specified by the author or licensor (but not in any way that suggests that they endorse you or your use of the work).
- Noncommercial. You may not use this work for commercial purposes.
- No Derivative Works. You may not alter, transform, or build upon this work.
- For any reuse or distribution, you must make clear to others the license terms of this work. The best way to do this is with a link to this web page.
- Any of the above conditions can be waived if you get permission from the copyright holder.
- Nothing in this license impairs or restricts the author's moral rights.

The document was created by CC PDF Converter